Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-335/8
08-06-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08–335/1 од 26.04.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, како полномошник на лицето [redacted] од Скопје, за сторена дискриминација врз основа на возраст, во областа на пристапот до добра и услуги, од страна на [redacted]-Скопје, со седиште на [redacted] во Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20) на 08.06.2023 година, го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на возраст во областа на пристапот до добра и услуги, од страна на [redacted]-Скопје кон лицето [redacted] од Скопје.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 26.04.2023 година поднесена е претставка со архивски број 08–335/1, од страна на подносителот [redacted] од Скопје, како полномошник на лицето [redacted] од Скопје, а против [redacted]-Скопје, за сторена дискриминација врз основа на возраст, во областа на пристапот до добра и услуги.

Согласно наводите изнесени во претставката на лицето [redacted] од Скопје при користење, односно плаќање со кредитна картичка издадена од [redacted], Скопје кажано и е дека со истата има проблем и платежната транскација не може да биде извршена. По ова именуваната се упатила во бабката каде службено лице и посочило дека банката има донесено Одлука со која сите кредитни картички на лицата над 76 годишна возраст се укинуваат, поништуваат поради возрасната граница на корисниците. Наведува дека Одлука не и била покажана, а картичката и била одземена. Истакнува дека именуваната е корисник на пензија кој уредно ги намирува доспеаните рати од кредит, а дискриминирачки го наоѓа фактот дека на лицата со навршени 76 години возраст им се укинуваат, одземаат кредитни картички без известување,

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст: Комисијата) се обрати до потенцијалниот дискриминатор [redacted] Скопје, од каде е доставен Одговор заведен под број 09/104-1 (23) од 22.05.2023 година. Во истиот е наведено дека насекаде во светот ( вклучително и во земјите од Европската Унија ) кредитните производи се поврзани со користење во рамки на определена

возрасна граница, која Банката има право да ја определи, а која во случајот на [redacted]-Скопје е утврдена на 75 години, на која возраст картичките повеќе не може да се користат за нови задолжувања туку само за отплата на дотогаш искористениот кредитен лимит, со цел во наредните неколку години клиентот да има можност да го отплати. Понатаму, во Одоговорт е посочено дека насекаде во светот кредитните финансиски производи имаат возрасно ограничување кое никаде не се третира како дискриминација, туку напротив истото произлегува од прудентните банкарски практики без кои би се нарушила финансиската стабилност. Воедно истото е во насока на едуцирање на клиентите дека со оглед на возраста наместо дополнително задолжување потребно е да се насочат кон постепена финансиска отплата на потрошениот дел од кредитниот лимит на кредитните картички.

Воедно Комисијата на 12.05.2023 година изврши непосреден увид во простоиите на [redacted]-Скопје, уредно најавен со Барање заведено под број 08-335/6, спроведен од страна на членот известител на Комисијата, Лимко Бејзароски. При спореведениот увид на членот-известител појаснети му се правилата на работење на Банката при што посочено е истото што и во доставениот Одговор, како политика на работење на деловниот субјект.

Согчасно член 9 од Уставот на Република Северна Македонија. *граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.*

Со Законот за банките (" Службен весник на Република Македонија", број 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16, 7/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија", број 101/19, и 122/21) *се уредува основањето, работењето, супервизијата и престанокот на работењето на банките и на филијалите на странски банки во Република Северна Македонија, како и отворањето и работењето на филијали на банки од земји членки на Европската унија и директното вршење на финансиски активности од банки од земји членки на Европската унија.* Во член 66 од овој закон е уредено управувањето со ризиците па истиот предвидува дека *Банката е должна континуирано да управува со ризиците соодветно на природата, видот и обемот на финансиските активности што ги врши. Критериумите, начинот и методите на управување со ризиците, како и оцената на адекватноста на капиталот согласно со нејзиниот степен на ризичност, банката е должна да ги пропише со општите акти и интерните процедури. Општите акти и интерните процедури треба да бидат во согласност со прописите, стандардите и правилата од областа на банкарството и методологијата пропишана од Советот на Народната банка.*



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Со Закон за платежни услуги и платни системи ("Службен весник на Република Северна Македонија", број 90/22) *се уредуваат видовите на платежни услуги, дозволата за давањето на платежни услуги, издавање електронски пари, транспарентноста на условите и обврските за информирање во врска со платежните услуги, правата и обврските на давателите и корисниците на платежните услуги, отворањето и користењето на платежната сметка, преносливоста на платежната сметка, транспарентноста и споредливоста на надоместоците поврзани со платежните сметки и услуги, постапките за решавање на спорови настанати при давањето на платежни услуги, платните системи и конечноста на порамнувањата, надзорот над платежните институции, институциите за електронски пари и операторите на платните системи, воспоставувањето и одржувањето на единствениот регистар на сметки, како и други прашања поврзани со платежните услуги и платните системи.* Во член 2 став (1) точка 84 е дефинирано дека *„Платежна картичка" е вид на платен инструмент кој му овозможува на плаќачот да иницира трансакција со дебитна или кредитна картичка и којшто може да се користи од имателот за плаќање на стоки и услуги и/или за повлекување и/или внесување готовина.* Во точка 90 од истиот член од законот е дефинирано дека *„Платежна трансакција со кредитна картичка" е платежна трансакција заснована на картичка, каде што износот на трансакцијата, делумно или целосно, се задолжува од плаќачот, на однапред договорен датум во месецот, врз основа на посебен договор за расположлив кредит склучен меѓу давателот на платежни услуги и корисникот на платежни услуги со кој се утврдува дали, со која стапка и на кој начин ќе се пресметува и наплатува камата за позајмениот износ,* додека пак во точка 94 од истиот став дадена е дефиницијата за „Платен инструмент" како е персонализиран уред(и) и/или збир на постапки договорени помеѓу корисникот на платежни услуги и давателот на платежни услуги и кои се користат за иницирање платен налог.

Во член 83 од овој закон се уредени ограничувањата за користење на платен инструмент, па во став (2) точка 3 е предвидено дека *Доколку е договорено во рамковниот договор, давателот на платежни услуги може да го блокира платниот инструмент, заради објективно оправдани причини поврзани со значително зголемен ризик дека плаќачот нема да може да ги исполни своите парични обврски пов рзани со кредитната линија, во случај на употреба на платен инструмент со одобрена кредитна линија.*

Врз основа на изнесеното, констатирано е дека деловното работење на банките како правни субјекти е предмет на законско уредување што ги опфаќа правата и обврските за нивно работење, како и правата и обврските на сите субјекти кои ги користат нивните финансиски услуги. При тоа законски утврдените права и обврски се однесуваат и важат за сите физички и правни лица, подеднакво.

Во смисла на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во конкретниот случај не најде дека од страна на [redacted]-Скопје е сторена дискриминација кон лицето [redacted] од Скопје, врз основа на возраст во областа на пристапот до добра и услуги, а во смисла на член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација согласно кој *Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.* Заради сето погоре, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
08.06.2023 година

Заменик Претседател на Комисија
за спречување и заштита од
дискриминација

Игор Јадровски

Доставено до:
[redacted]